


***На 13. Ноември 2021 година во Новаци се одржаа „21. Пелагониските културно-научни средби“, на кои беше доделена наградата “Повелба за животно дело“ на проф. д-р Златко Жоглев и наградата “Златен клас за македонски вознес“ постхумно на поетот Панде Манојлов.***

Манифестацијата *„Пелагониските културно-научни средби“,* се формирани во 2000 година во Општина Новаци. Носители на активноста се познати писатели и научни творци кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на истите. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија. Се одржуваат секоја година, вообичаено во првата половина на месец октомври.

Иницијативата за формирање на манифестацијата *„Пелагонски културно-научни средби“* при Општина Новаци, Битолско, потекна од група ентузијасти: писатели, научни работници и културни творци, кои имаат желба да придонесат во афирмацијата на литературните, културните, образовните, историските, фолклорните, археолошките, етнолошките и сите други можни вредности, создавани на почвата на оваа општина или создадени и се создаваат од личности кои потекнуваат од неа.

Оваа иницијатива е озваничена на 20 септември 2000 година во Матичната и универзитетска библиотека *„Свети Климент Охридски“* во Битола, кога официјално се конституира нејзиниот иницијативен одбор и кога е избрано раководното тело на Средбите, Извршниот одбор.

Извршниот одбор ја организира Првата пелагонска културно-научна средба, која се одржа на 5 и 6 мај 2001 година во мнастирот „Свети Ѓорѓија“ над живописното село Паралово,

Општина Новаци ја продолжува традицијата долга 21 година како домаќин на *„Пелагони скитe културно-научни средби“.*
Како резултат на оваа научна манифестација низ годините произлегоа многу трудови и научни зборници. Градоначалникот  на Општина Новаци, Стевче Стевановски  како домаќин свечено го отвори овај настан и на присутните им порача дека општината секогаш ги поддржувала и ќе продолжи да ги поддржува и во иднина.

*„Овие средби имаат традиција во Општина Новаци веќе 21 година и оваа традиција ќе ја продолжиме и понатаму. Особено се значајни од 3 аспекти и тоа: истражувањата во областа на културата, историјата и книжевното творештво, презентација на научни трудови и афирмација и поддржување на жените автори и младите дејци“,* истакна Стевче Стевановски, градоначалник на Општина Новаци.


ПЕЛАГОНСКИ КУЛТУРНО-НАУЧНИ СРЕДБИ
НОВАЦИ

[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**